РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

За:

Бр. 03-32

Скопје 29.12.2020г.

**Предмет: Известување за Претставка во врска со право на одговор и исправка**

Почитуван,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка (наш бр. 03-32 од 28.12.2020 година) од адвокатот , во која нѐ информира дека ТВ Телма не ја објавила неговата исправка на информација емитувана во Дневникот во 21 :30 часот на 16 декември 2020 година и бара реакција од регулаторното тело.

Ве потсетуваме дека правото на одговор и исправка е регулирано со Законот за медиуми (членови од 17 до 28), при што е прецизирано дека секој има право да бара објавување „исправка на објавена информација во која се наведуваат неточните факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси" (член 17 став 1).

Исто така, пропишано е дека исправката „мора да биде објавена во рок од два дена од доставувањето на барањето" (член 19 став 1), и дека „одговорниот уредник е должен да ја објави", освен во неколку ситуации јасно наведени во член 19 став 3 од Законот за медиуми.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

-----------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**